Врз основа на член 31 став (2) точка 1, а во врска со членовите 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13 и 34/13 и 14/2014), Државната изборна комисија на седницата одржана на 24.03.2014 година, во состав: претседател, Никола Рилкоски, потпретседател, м-р Субхи Јакупи и членовите Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I.Во Одлуките за формирање на општинските изборни комисии („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/11, 65/11, 67/11, 72/11, 15/13, 16/13, 17/13, 21/13, 23/13, 28/13, 32/13, 38/13, 44/13, 49/13, 85/13, 38/14, 43/14 и 47/14), 10-1861/1 од 04.06.2011 година, 10-810/6 од 04.11.2011 и 10-137/1 од 03.04.2013 година се вршат следните изменувања и дополнувања и тоа:

1. Во составот на Општинската изборна комисија Штип, членот ГОРАН РАДОЈЕВ, вработен во Општина Штип, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ЛАЗАР ХАЏИ НИКОЛОВ вработен во Општина Штип.

2. Во составот на Општинската изборна комисија Чучер Сандево членот ИРЕНА СТОИМЕНОВА вработена во АД ЕЛЕМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ВЕСНА ДАНЧЕВСКА, вработена во Агенција за храна и ветеринарство.

3. Во составот на Општинската изборна комисија Шуто Оризари заменик членот МЕРИ ЈАШАРОВСКА, вработена во Управа за хидрометеоролошки работи, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува ТОДОРКА НЕШКОВСКА, вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Во составот на Општинската изборна комисија Чаир заменик членот СЛАВИЦА ЦАНЕВСКА, Министерство за надворешни работи СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува АРЕТИ ДИМУЛКОВА, вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Во составот на Општинската изборна комисија Тетово претседателот ИЉАЗ ХАЛИМИ, вработен во Општина Тетово, СЕ РАЗРЕШУВА.

За претседател се именува БАЈРАМ РУФАТИ вработен во Министерство за земјодлство, шумарство и водостопанство.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за претседател, заменик претседател, членови или нивни заменици на општинските изборни комисии имаат право да поднесат Изјава за неприфаќање на именувањето.

Изјавата за неприфаќање се поднесува до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа, сметано од денот на објавувањето на оваа одлука во Службен весник на Република Македонија.

Доставувањето на Изјавата преку пошта не е дозволено.

Решението на Државната изборна комисија е конечно.

**ЗА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**НИКОЛА РИЛКОСКИ**

Бр. 07-433/7
Скопје 25.03.2014 година
(место и дата)

М:П.